Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај на Општина Центар-Скопје за 2019 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај на Општина Центар-Скопје за 2019 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 44. седница, одржана на 12.3.2020 година.

Бр. 09-1491/5
12.3.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ

Изготвил: У. Стојанова-Арсова
Контролирал: Г. Мицевски
Согласен: Вукица Куноска

Врз основа на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11, 192/15 и 209/18) и член 26 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 44. седница, одржана на 12.3.2020 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишниот извештај**
**на Општина Центар-Скопје за 2019 година**

**Член 1**

Се усвојува Годишниот извештај на Општина Центар-Скопје за 2019 година.

Составен дел на Годишниот извештај се:

- Годишната (завршна) сметка на Буџетот на Општина Центар-Скопје;
- Извештајот за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивната вредност;
- Извештајот за реализацијата на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок-дотациите и дотациите за делегирани надлежности;
- Извештајот за користење на средствата од тековната и од постојаната резерва;
- Извештајот од одговорниот сметководител со кој се потврдуваат точноста и веродостојноста на Годишната сметка.

**Член 2**

Овој Заклучок стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-1491/4
12.3.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска

# I. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ГОДИШНАТА (ЗАВРШНАТА) СМЕТКА

Врз основа на член 33 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11; 192/15; 209/18 и 244/19), општините имаат обврска да подготват и да достават Годишна сметка (Завршна сметка) за извршувањето на Буџетот на Општината.

**Во Годишната сметка на Општината се прикажани вкупните планирани приходи и расходи на годишно ниво и нивната реализација за периодот од 1.1.2019 година до 31.12.2019 година.** Во овој фискален период се остварени приходи и други приливи и реализирани се расходи и други одливи, како што следува подолу:

| ВКУПЕН БУЏЕТ | План | Реализирани приходи | Реализирани расходи |
|---|---|---|---|
| Основен буџет | 616.916.000,00 | 626.640.811,00 | 545.236.013,00 |
| Буџет на самофинансирачки активности | 57.890.000,00 | 46.212.714,00 | 39.548.109,00 |
| Буџет на дотации | 303.790.000,00 | 301.412.003,00 | 299.822.058,00 |
| Буџет на донации | 24.062.000,00 | 8.232.075,00 | 8.232.075,00 |
| Буџет на кредити | 91.703.000,00 | 92.651.179,00 | 87.680.876,00 |
| **Вкупно** | **1.094.361.000,00** | **1.075.148.782,00** | **980.519.131,00** |

Од вкупно планираните приходи во износ од 1.094.361,00 денари, во периодот од 1.1.2019 година до 31.12.2019 година реализирани се **1.075.148.782,00** денари, што претставува 98,2% во однос на планираното, и тоа:

| ВКУПЕН БУЏЕТ | План | Реализирани приходи | % на оствар. | % на учество |
|---|---|---|---|---|
| Основен буџет | 616.916.000,00 | 626.640.811,00 | 101,6 | 58,3 |
| Буџет на самофинансирачки активности | 57.890.000,00 | 46.212.714,00 | 79,8 | 4,3 |
| Буџет на дотации | 303.790.000,00 | 301.412.003,00 | 99,2 | 28 |
| Буџет на донации | 24.062.000,00 | 8.232.075,00 | 34,2 | 0,8 |
| Буџет на кредити | 91.703.000,00 | 92.651.179,00 | 101,0 | 8,6 |
| **Вкупно** | **1.094.361.000,00** | **1.075.148.782,00** | **98,2** | **100** |

Реализираните приходи по категории се прикажани во следната табела, при што најголемо учество во вкупните приходи имаат даночните приходи (39,5%), потоа се трансферите и донациите (30,5%) и неданочните приходи (20%).

| ВКУПЕН БУЏЕТ (Приходи) | План | Реализирани приходи | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|
| Даночни приходи | 420.206.000,00 | 424.683.864,00 | 101,1 | 39,5 |
| Неданочни приходи | 210.040.000,00 | 214.703.989,00 | 102,2 | 20,0 |
| Капитални приходи | 13.840.000,00 | 14.777.842,00 | 106,8 | 1,4 |
| Трансфери и донации | 358.572.000,00 | 328.331.908,00 | 91,6 | 30,5 |
| Домашно задолжување | 91.703.000,00 | 92.651.179,00 | 101,0 | 8,6 |
| **Вкупно** | **1.094.361.000,00** | **1.075.148.782,00** | **98,2** | **100,0** |

Во **Основниот буџет** на Општината од планираните приходи во износ од 616.916.000,00 денари, во периодот од 1.1.2019 година до 31.12.2019 година реализирани се 626.640.811,00 денари, што претставува 101% од планираните приходи. Планирањето на одредени видови приходи се базира врз историски показатели и како резултат на тоа некои видови приходи се прецenети, а некои се потценети, односно реализацијата е поголема или помала од планираното. Реализацијата на приходите во Основниот буџет на ниво на ставки е следна:

| | ОСНОВЕН БУЏЕТ | План | Реализација | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| 711 | Данок од доход, добивка и од капитални добивки | 9.500.000,00 | 11.597.860,00 | 122,1 | 1,9 |
| 713 | Даноци на имот | 151.500.000,00 | 192.724.251,00 | 127,2 | 30,8 |
| 717 | Даноци на специфични услуги | 259.056.000,00 | 220.238.203,00 | 85,0 | 35,1 |
| 718 | Такси на користење или дозволи за вршење дејност | 150.000,00 | 123.550,00 | 82,4 | 0,02 |
| 722 | Глоби, судски и административни такси | 1.150.000,00 | 889.261,00 | 77,3 | 0,1 |
| 723 | Такси и надоместоци | 1.000.000,00 | 1.118.389,00 | 111,8 | 0,2 |
| 724 | Други владини услуги | 0,00 | 3.000,00 | | |
| 725 | Други неданочни приходи | 150.000.000,00 | 166.480.625,00 | 111,0 | 26,6 |
| 731 | Продажба на капитални средства | 0,00 | 72.955,00 | | |
| 733 | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 13.840.000,00 | 14.704.887,00 | 106,2 | 2,3 |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 30.720.000,00 | 18.687.830,00 | 60,8 | 3,0 |
| | **Вкупно** | **616.916.000,00** | **626.640.811,00** | **101,6** | **100,0** |

Најголемо учество во вкупно остварените приходи имаат даноците на специфични услуги со учество од 35,1%, следни се даноците на имот со учество од 30,8% и други неданочни приходи со 26,6%.

Приходите во **Буџетот на самофинансирачки активности** се приходи што ги остваруваат буџетските корисници на Општина Центар, односно основните училишта и детските градинки, а се однесуваат на надоместоците за оброци во училиштата и во градинките, за целодневна и за претшколска грижа и приходи од издавање под закуп на деловен простор. Во буџетската 2019 година по оваа основа реализирани се приходи во вкупен износ од 46.212.714,00 денари, што претставува 79,8% од планираните приходи.

| | ОСНОВЕН БУЏЕТ | План | Реализација | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| 721 | Претприемачки приход и приход од имот | 0,00 | 6.850,00 | 0,0 | 0,01 |
| 722 | Глоби, судски и административни такси | 0,00 | 18.547,00 | 0,0 | 0,04 |
| 723 | Такси и надоместоци | 57.540.000,00 | 46.180.320,00 | 80,3 | 99,93 |
| 724 | Други владини услуги | 0,00 | 4.260,00 | 0,0 | 0,00 |
| 725 | Други неданочни приходи | 350.000,00 | 2.737,00 | 0,8 | 0,01 |
| | **Вкупно** | **57.890.000,00** | **46.212.714,00** | **79,8** | **100,0** |

Во **Буџетот на дотации** приходите пристигнуваат месечно по однапред утврдена динамика од Министерството за образование и наука и од Министерството за труд и социјална политика. Од вкупно планираните приходи во износ од 303.790.000,00 денари, до 31.12.2019 година реализирани се 301.412.003,00 денари, што претставува 99,2% од вкупно планираните приходи за 2019 година.

Во 2019 година во **Буџетот на донации** од вкупно планираните приходи во износ од 24.062.000,00 денари, реализирани се 8.232.075,00 денари, што претставува 34,2% од вкупно планираните приходи. Овие приходи се реализирани по основа на договори за донации што Општина Центар ги има склучено за реализација на проекти финансирани од донатори и договори за донаторско финансирање на буџетските единки корисници на Општина Центар (училишта и градинки).

Во **Буџетот на кредити** во 2019 година реализирани се приливи во износ од 92.651.179,00 денари. Приливите се остварени по основа на: кредитното задолжување од Комерцијална банка за изградба на ООУ „Киро Глигоров" и задолжувањето преку МСИП Проектот за подобрување на општинските услуги, на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, а реализирано како договор за подзаем со Министерството за финансии, а овие средства се наменети за реализација на проектот „Реконструкција на водоводот на ул. 'Титовелешка' и реконструкција на детската градинка 'Пепелашка'".

**Вкупните расходи** во Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2019 година, со кои се финансираат законски утврдените надлежности на Општината, реализирани се во вкупен износ од **980.519.131,00 денари**, што претставува 89,6% реализација од планираното (1.094.361.000,00 денари).

Во **Основниот буџет** на Општината од планираните расходи во износ од 616.916.000,00 денари, во периодот од 1.1.2019 година до 31.12.2019 година, реализирани се 545.236.013,00 денари, што претставува 88% од планираните расходи.

| ОСНОВЕН БУЏЕТ | | План | Реализација | % на реализа. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| | **ТЕКОВНО-ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ** | **314.361.000,00** | **284.721.226,00** | **90,57** | **52,22** |
| 401 | Основни плати | 40.630.000,00 | 39.502.872,00 | 97,23 | 7,25 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 15.292.000,00 | 14.796.598,00 | 96,76 | 2,71 |
| 404 | Надоместоци | 6.267.000,00 | 6.107.860,00 | 97,46 | 1,12 |
| 412 | Постојана резерва | 800.000,00 | 800.000,00 | 100,00 | 0,15 |
| 413 | Тековна резерва | 1.400.000,00 | 390.589,00 | 27,90 | 0,07 |
| 420 | Патни и дневни расходи | 970.000,00 | 298.076,00 | 30,73 | 0,05 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 35.480.000,00 | 29.278.514,00 | 82,50 | 5,37 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 5.313.000,00 | 2.772.980,00 | 52,19 | 0,51 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 26.650.000,00 | 23.172.518,00 | 86,95 | 4,25 |
| 425 | Договорни услуги | 38.829.000,00 | 29.706.897,00 | 76,50 | 5,45 |
| 426 | Други тековни расходи | 11.095.000,00 | 9.716.315,00 | 87,57 | 1,78 |
| 427 | Привремени вработувања | 13.160.000,00 | 13.129.466,00 | 99,77 | 2,41 |
| 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 14.000.000,00 | 13.960.330,00 | 99,72 | 2,56 |
| 461 | Субвенции за јавни претпријатија | 7.000.000,00 | 7.000.000,00 | 100,00 | 1,28 |
| 463 | Трансфери до невладини организации | 20.000.000,00 | 20.000.000,00 | 100,00 | 3,67 |
| 464 | Разни трансфери | 19.615.000,00 | 16.546.189,00 | 84,35 | 3,03 |
| 465 | Исплата по извршни исправи | 160.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 471 | Социјални надоместоци | 6.000.000,00 | 5.939.680,00 | 98,99 | 1,09 |
| 492 | Отплата на главнина кон домашни институции | 51.700.000,00 | 51.602.342,00 | 99,81 | 9,46 |
| | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **302.555.000,00** | **260.514.787,00** | **86,11** | **47,78** |
| 480 | Купување опрема и машини | 5.500.000,00 | 4.245.458,00 | 77,19 | 0,78 |
| 481 | Градежни објекти | 167.024.000,00 | 157.949.113,00 | 94,57 | 28,97 |
| 482 | Други градежни објекти | 107.196.000,00 | 80.814.527,00 | 75,39 | 14,82 |
| 483 | Купување мебел | 6.800.000,00 | 6.781.970,00 | 99,73 | 1,24 |
| 485 | Вложување и нефинансиски средства | 16.035.000,00 | 10.723.719,00 | 66,88 | 1,97 |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **616.916.000,00** | **545.236.013,00** | **88,38** | **100** |

Подредени по потпрограми, реализацијата на расходите е следна:

Во Потпрограмата **А00 – Совет на Општината** планирани се расходи во износ од 72.700.000,00 денари, а реализирани се во износ од 71.959.852,00 денари, што претставува 99% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма.

Трошоците во оваа Потпрограма се однесуваат на надоместоците за советниците во Советот на Општина Центар-Скопје, трошоците за службени патувања, телефоните, постојаната резерва, исплатата на каматата и на главнината за кредитните задолжувања во Тутунска банка и во Комерцијална банка.

Во Потпрограмата **Д00 – Градоначалник** планирани се расходи во износ од 9.279.000,00 денари, а реализирани се во износ од 7.238.837,00 денари, што претставува 78% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма. Во оваа Потпрограма опфатени се расходите за плата и за придонеси на Градоначалникот, телефон, трошоци за испратнина при пензионирање на вработени во основните училишта и во детските градинки, надоместок во случај на смрт на вработени и членови на потесното семејство и плаќања за реализацијата на проектот „Сервис за стари лица".

Во Потпрограмата **Е00 – Општинска администрација** планирани се расходи во износ од 99.390.000,00 денари, а реализирани се во износ од 91.296.592,00 денари, што претставува 91,8% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма. Расходите што се опфатени со оваа Потпрограма се однесуваат на платите и придонесите на вработените во Општината, трошоците за службени патувања, комуналните услуги (електрична енергија, гориво, парно, вода, ѓубретарина, пошта, телефон, регистрација на моторни возила), на ситен инвентар (средства за одржување хигиена, списанија и други изданија за користење од вработените, канцелариски материјали, ситен инвентар, материјали за поправки), поправки и тековно одржување (поправки и сервисирање на возила, поправки и одржување на компјутерска и друга опрема), договорни услуги (осигурување на недвижен имот и возила, правни услуги, судски такси, преведувачи, услуги за копирање и печатење), други тековни расходи (членарини во домашни организации - Здружение на единици на локална самоуправа, Скопски плански регион, учество на вработените на семинари и на конференции, за објавување огласи, обврски по основа за ДДВ), трансфери до здруженија на граѓани во согласност со Програмата за финансирање на активности на здруженија на граѓани и фондации за 2019 година, социјални надоместоци (помош за новороденчиња, социјална помош за граѓани).

Во Потпрограмата **ЕА0 – Капитални трошоци на Општината** планирани се расходи во износ од 10.515.000,00 денари, а реализирани се во износ од 7.057.181,00 денари, што претставува 67% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма. Расходите што се опфатени со оваа Потпрограма се однесуваат на набавка на нова компатибилна ИТ-инфраструктура и зголемување на капацитетите на централниот серверски систем; санација и реконструкција на објекти на УЗ „Дане Крапчев", УЗ „Р. Ј. Корчагин" и Дневниот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост над 18 години, санација на општински канцеларии и софтверско решение ГИС.

Во Потпрограмата **Ф – Урбанистичко планирање и уредување на просторот** планирани се расходи во износ од 23.069.000,00 денари, а реализирани се во износ од 9.309.839,00 денари, што претставува 40,4% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, и тоа:

- Во Потпрограмата **Ф10 – Урбанистичко планирање** реализирани се расходи во износ од 2.210.025,00 денари, што претставува 31,7% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на изработката на деталните урбанистички планови, консултантските услуги и објавувањето огласи.

- Во Потпрограмата **Ф20 – Уредување на градежно земјиште** реализирани се расходи во износ од 6.636.834,00 денари, што претставува 67,8% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на уривањето на времени објекти и објавувањето огласи.

- Во Потпрограмата **ФА0 – Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци)** реализирани се расходи во износ од 462.980,00 денари, што претставува 7,3% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на изработката на геодетски елаборати и инфраструктурни приклучоци.

- Во Потпрограмата **ФАА – Реконструкција и изградба на инфраструктура (развојна програма)** реализирани се расходи во износ од 39.650.741,00 денари, што претставува 90,7% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на: изработка на проект за електрична мрежа, изградба на фекален колектор, фекална и атмосферска канализација и реконструкција на тротоари и коловоз на ул. „Ѓуро Ѓоновиќ" и изградба на инфраструктура, коловоз и тротоари на ул. „Новопланирана 2" крак на ул. „Васил Ѓоргов" и плаќање надоместок за одземен имот (експропријација).

Во Потпрограмата **Г10 – Поддршка на локалниот економски развој** планирани се расходи во износ од 185.000,00 денари, реализирани се во износ од 132.715,00 денари, а се однесуваат на: консултантски услуги, упис во регионален кластер и годишна членарина во АЛДА.

Во Потпрограмата **ГД0 – Проекти за енергетска ефикасност** планирани се расходи во износ од 6.800.000,00 денари, а реализирани се расходи во износ од 4.517.298,00 денари, што претставува 66,4% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на: изработка на проекти избрани на јавен повик за пријавување на заинтересирани заедници на сопственици на станови од подрачјето на Општина Центар за реконструкција на фасади на колективни станбени згради и финансиска поддршка за поправка и санација на постојни покривни конструкции и лифтови во станбени згради.

Во Потпрограмата **Ј00 – Одржување на урбана опрема** планирани се расходи во износ од 1.400.000,00 денари, а реализирани се расходи во износ од 1.068.945,00 денари, што претставува 76,4% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на трошоци за санација и за одржување на урбана опрема.

Во Потпрограмата **Ј30 – Јавно осветлување** планирани се расходи во износ од 29.800.000,00 денари, а реализирани се расходи во износ од 25.587.095,00 денари, што претставува 85,9% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на трошоци за потрошена енергија за улично осветлување и за негово одржување.

Во Потпрограмата **Ј40 – Јавна чистота** планирани се расходи во износ од 18.733.000,00 денари, реализирани се во износ од 18.148.074,00 денари, што претставува 96,9% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма, а се однесуваат на исплата на плати за времено ангажираните работници задолжени за одржување на јавната чистота, за набавка на алат за работниците и за депонирање на комуналниот отпад.

Во Потпрограмата **Ј60 – Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќај** планирани се расходи во износ од 15.000.000,00 денари, а реализирани се во износ од 14.162.944,00 денари, што претставува 94,4% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, кои се искористени за зимско одржување на улиците и за санација на ударни дупки.

Во Потпрограмата **Ј70 – Одржување и користење на паркови и зеленило** планирани се расходи во износ од 1.450.000,00 денари, а реализирани се во износ од 435.600,00 денари, што претставува 30% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, кои се однесуваат на одржување на јавното зеленило на територијата на Општина Центар-Скопје.

Во Потпрограмата **Ј80 – Други комунални услуги** планирани се расходи во износ од 100.000,00 денари, реализирани се во износ од 100.000,00 денари, а се однесуваат на дезинфекција, дезинсекција и дератизација на територијата на Општина Центар-Скопје.

Во Потпрограмата **ЈА0 – Изградба на јавно осветлување** планирани се расходи во износ од 1.330.000,00 денари, а реализирани се во износ од 328.483,00 денари, што претставува 24,7% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а искористени се за изработка на проекти за изградба и реконструкција на јавното осветлување на повеќе локации.

Во Потпрограмата **ЈД0 – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици** планирани се расходи во износ од 27.050.000,00 денари, а реализирани се во износ од 12.950.493,00 денари, што претставува 47,9% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а искористени се за изработка на проекти и изградба и реконструкција на сервисни и на станбени улици.

Во Потпрограмата **ЈДА – Реконструкција и изградба на инфраструктура (развојна програма)** планирани се расходи во износ од 36.600.000,00 денари, а реализирани се во износ од 36.112.730,00 денари, што претставува 98,7% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на изградба на

инфраструктура и реконструкција на коловоз и тротоари на ул. „Димитар Пандилов", ул. „Ганчо Хаџипанзов", ул. „ Караорман" и ул. „Рилски конгрес".

Во Потпрограмата **ЈН0 – Урбана опрема (капитални расходи)** планирани се расходи во износ од 1.250.000,00 денари, реализирани се во износ од 306.232,00 денари, што претставува 24,5% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма, а се однесуваат на изработка и монтажа на урбана опрема.

Во Потпрограмата **К4 – Културни манифестации и творештва** планирани се расходи во износ од 6.190.000,00 денари, реализирани се во износ од 4.708.224,00 денари, што претставува 76% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на финансирање проекти од локален интерес во областа на сценската уметност избрани по објавениот конкурс, активности што се поврзани со организирање јавни настани и културни манифестации и за доделување стипендии на ученици во областа на културното творештво.

Во Потпрограмата **Л0 – Спорт и рекреација** планирани се расходи во износ од 19.390.000,00 денари, а реализирани се во износ од 19.356.889,00 денари, што претставува 99,9% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а искористени се за финансирање на активностите на Кошаркарскиот клуб „Работнички", организирање училишни спортски игри Центар 2019 и за доделување спортски стипендии.

Во Потпрограмата **Р1 – Заштита на животната средина** планирани се расходи во износ од 5.150.000,00 денари, а реализирани се во износ од 5.088.121,00 денари, а се однесуваат на расчистување на диви депонии и субвенционирање на велосипеди и тротинети.

Во Потпрограмата **Н10 – Основно образование** планирани се расходи во износ од 7.275.000,00 денари, реализирани се во износ од 5.599.070,00 денари, што претставува 77% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на плаќање на обврските на училиштата за користење парно греење, за обезбедување на училиштата, за средства за хигиена, награди за наставниците, стипендии за поддршка на млади таленти, контрола на санитарно-хигиенската состојба во основните училишта, дијагностички и превентивни (скрининг) прегледи на 'рбетниот столб.

Во Потпрограмата **НА0 – Образование (капитални расходи)** планирани се расходи во износ од 8.050.000,00 денари, а реализирани се во износ од 6.544.306,00 денари, што претставува 81,3% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма. Овие средства се искористени за изработка на проекти, набавка на опрема и санација и реконструкција на објектите и на дворовите на училиштата.

Во Потпрограмата **НАА – Реконструкција на основни училишта (развојна програма)** планирани се расходи во износ од 3.560.000,00 денари, реализирани се во износ од 3.501.170,00 денари, што претставува 98,3% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а тие средства се искористени за изработка на проект на

изведена состојба и плаќање на завршната ситуација за доградбата и реконструкцијата на објектот на ООУ „Гоце Делчев".

Во Потпрограмата **НАБ – Изградба на основно училиште во населбата Капиштец (развојна програма)** планирани се расходи во износ од 142.534.000,00 денари, а реализирани се 141.339.599,00 денари, што претставува 99% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма.

Во Потпрограмата **НАЦ – Подобрување на енергетската ефикасност во основните училишта** планирани се расходи во износ од 6.500.000,00 денари, реализирани се 4.436.905,00 денари, а средствата се искористени за реконструкција на фасадата во ООУ „Димитар Миладинов".

Во Потпрограмата **В10 – Детски градинки** планирани се расходи во износ од 1.450.000,00 денари, реализирани се расходи во износ од 978.075,00 денари, што претставува 67,5% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а овие средства се искористени за набавка на средства за хигиена, за организирање часови по англиски јазик, награди за најдобрите воспитувачки и негувателки во градинките во Општина Центар-Скопје.

Во Потпрограмата **ВА0 – Социјална заштита и заштита на деца (капитални расходи)** планирани се расходи во износ од 2.310.000,00 денари, а реализирани се расходи во износ од 1.502.897,00 денари, што претставува 65% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма. Овие средства се потрошени за санација и за реконструкција на објектите и на дворовите на градинките.

Во Потпрограмата **ВАА – Реконструкција на детски градинки (развојна програма)** планирани се расходи во износ од 4.360.000,00 денари, а реализирани се расходи во износ од 4.306.276,00 денари. Овие средства се потрошени за плаќање на завршната ситуација за изведени и за завршени реконструктивни зафати на матичниот објект на градинката „13 Ноември" во 2016 година.

Во **Буџетот на самофинансирачки активности** на Општината од планираните расходи во износ од 57.890.000,00 денари, во периодот од 1.1.2019 година до 31.12.2019 година реализирани се 39.548.109,00 денари, што претставува 68,3% од планираните расходи. Расходите на самофинансирачките активности, всушност, се расходи на основните училишта и на детските градинки под надлежност на Општината и се однесуваат на трошоци за комунални услуги (електрична енергија, гориво, парно, вода, ѓубретарина, пошта, телефон), средства за одржување хигиена, канцелариски материјали и наставни помагала, поправки и тековно одржување, договорни услуги и за купување опрема и мебел. Тие се прикажани по основни намени во следната табела:

| БУЏЕТ НА САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ | | План | Реализација | % на реализациј а | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| | ТЕКОВНИ РАСХОДИ | 51.538.000,00 | 35.491.670,00 | 68,87 | 89,74 |
| 420 | ПАТНИ И ДНЕВНИ РАСХОДИ | 1.025.000,00 | 451.066,00 | 44,01 | 1,14 |
| 421 | КОМУНАЛНИ УСЛУГИ, ГРЕЕЊЕ, КОМУНИКАЦИЈА И ТРАНСПОРТ | 2.157.000,00 | 834.334,00 | 38,68 | 2,11 |
| 423 | МАТЕРИЈАЛИ И СИТЕН ИНВЕНТАР | 32.724.000,00 | 22.487.909,00 | 68,72 | 56,86 |
| 424 | ПОПРАВКИ И ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ | 8.473.000,00 | 6.085.659,00 | 71,82 | 15,39 |
| 425 | ДОГОВОРНИ УСЛУГИ | 2.829.000,00 | 2.279.767,00 | 80,59 | 5,76 |
| 426 | ДРУГИ ТЕКОВНИ РАСХОДИ | 4.330.000,00 | 3.352.935,00 | 77,43 | 8,48 |
| | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 6.352.000,00 | 4.056.439,00 | 63,86 | 10,26 |
| 480 | КУПУВАЊЕ ОПРЕМА И МАШИНИ | 2.260.000,00 | 1.175.403,00 | 52,01 | 2,97 |
| 483 | КУПУВАЊЕ МЕБЕЛ | 3.192.000,00 | 2.044.924,00 | 64,06 | 5,17 |
| 485 | ВЛОЖУВАЊЕ И НЕФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА | 100.000,00 | 45.512,00 | 45,51 | 0,12 |
| 486 | КУПУВАЊЕ НА ВОЗИЛА | 800.000,00 | 790.600,00 | 98,82 | 2 |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **57.890.000,00** | **39.548.109,00** | **68,32** | **100** |

Во **Буџетот на дотации** на Општината од планираните расходи во износ од 303.790.000,00 денари, во периодот од 1.1.2019 година до 31.12.2019 година реализирани се 299.822.058,00 денари, што претставува 98,7% од планираните расходи. За основното образование од вкупно планираните расходи од дотациите во износ од 193.690.000,00 денари реализирани се 191.570.782,00 денари, што претставува 98,9% од планираните расходи. Средствата се потрошени за плати и придонеси за вработените во основното образование, за комунални услуги, превоз за ученици и други обврски на основните училишта на територијата на Општина Центар-Скопје. За детските градинки од вкупно планираните расходи од дотациите во износ од 110.100.000,00 денари реализирани се 108.251.276,00 денари, што претставува 98,3% од планираните расходи. Средствата се потрошени за плати и за придонеси за вработените во детските градинки, за комунални услуги, поправки и тековно одржување, договорни услуги и други обврски на детските градинки на територијата на Општина Центар-Скопје. Тие се прикажани по основни намени во следната табела:

| БУЏЕТ НА ДОТАЦИИ | | План | Реализирано | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| 401 | Основни плати и надоместоци | 196.650.000,00 | 195.608.138,00 | 99,47 | 65,24 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 74.640.000,00 | 74.074.255,00 | 99,24 | 24,71 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 25.034.000,00 | 23.773.444,00 | 94,96 | 7,93 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 495.000,00 | 429.803,00 | 86,83 | 0,14 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 3.085.000,00 | 2.681.378,00 | 86,92 | 0,89 |
| 425 | Договорни услуги | 3.433.000,00 | 2.847.267,00 | 82,94 | 0,95 |
| 426 | Други тековни расходи | 453.000,00 | 407.773,00 | 90,02 | 0,14 |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **303.790.000,00** | **299.822.058,00** | **98,69** | **100** |

Во **Буџетот на донации** реализирани се расходи во износ од 8.232.075,00 денари. Во рамките на овој буџет средствата се користат за реализација на донаторски проекти на Општината и на институциите (основни училишта и детски градинки) под надлежност на Општината за реализација на проекти под покровителство на европски фондови со намена за унапредување на квалитетот во образованието и детската заштита. Тие се прикажани по основни намени во следната табела:

| БУЏЕТ НА ДОНАЦИИ | | План | Реализација | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| | **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | 13.862.000,00 | 2.496.775,00 | 18,01 | 30,33 |
| 420 | Патни и дневни расходи | 3.933.000,00 | 972.838,00 | 24,74 | 11,82 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 94.000,00 | 51.796,00 | 55,10 | 0,63 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 1.045.000,00 | 532.008,00 | 50,91 | 6,46 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 362.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 425 | Договорни услуги | 7.584.000,00 | 754.907,00 | 9,95 | 9,17 |
| 426 | Други тековни расходи | 844.000,00 | 185.226,00 | 21,95 | 2,25 |
| | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | 10.200.000,00 | 5.735.300,00 | 56,23 | 69,67 |
| 480 | Купување опрема и машини | 3.087.000,00 | 661.960,00 | 21,44 | 8,04 |
| 481 | Градежни објекти | 6.308.000,00 | 5.073.340,00 | 80,43 | 61,63 |
| 482 | Други градежни објекти | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 483 | Купување мебел | 305.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 486 | Купување возила | 500.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **24.062.000,00** | **8.232.075,00** | **34,21** | **100,00** |

Во **Буџетот на кредити** реализирани се расходи во износ од 87.680.876,00 денари. Овие средства се искористени за изградбата на ООУ „Киро Глигоров" во износ од 75.257.635,00 денари и за реализација на проектот „Реконструкција на водоводот на ул. 'Титовелешка' и реконструкција на детската градинка 'Пепелашка'" во износ од 17.393.544,00 денари.

## II. ИЗВЕШТАЈ
## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ИНВЕСТИЦИОНИТЕ ПРОГРАМИ, КАПИТАЛНИТЕ И БЛОК-ДОТАЦИИТЕ

### 1. Реализација на инвестиционите програми

Во текот на 2019 година, во согласност со донесените програми од Советот, Општина Центар-Скопје реализираше повеќе инвестициони работи.

- По Програма Ф, Потпрограма **ФА – Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци)** реализирани се капитални инвестиции во вкупна вредност од **40.113.721,00 денари**, и тоа:

- Изработени се: проект за електрична мрежа и геодетски елаборати во функција на уредување на градежното земјиште во вкупна вредност од 476.029,00 денари,
- Изведени се работи за: изградба на фекален колектор, фекална и атмосферска канализација и реконструкција на тротоари и на коловоз на ул. „Ѓуро Ѓоновиќ" и изградба на инфраструктура, коловоз и тротоари на ул. „Новопланирана 2", крак на ул. „Васил Ѓоргов" во вкупна вредност од 29.850.336,00 денари, како дел од повеќегодишната развојна програма и
- Реализирано е плаќање на надоместок за одземен имот (експропријација) за ул. „Новопланирана 2", крак на ул. „Васил Ѓоргов" во износ од 9.787.356,00 денари.

- Најзначајните капитални вложувања на Општина Центар во 2019 година по **Програмата за комунални дејности** се наменети за реализација на следниве потпрограми:

Во рамките на Потпрограмата **ЈД – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици** изведени се капитални инвестиции во вкупна вредност од **51.486.464,00 денари**, и тоа:

- Изработени се проекти за изградба и реконструкција на сервисни и станбени улици во вкупна вредност од 1.116.016,00 денари, вклучително проекти за водоводна и фекална мрежа, проекти за коловоз и тротоари и сообраќајни проекти,
- Во изградбата на сервисни и на станбени улици изведени се работи во вредност од 8.388.596,00 денари, кои во најголем дел се однесуваат на изградбата на водоводната и на атмосферската мрежа на ул. „Ганчо Хаџипанзов", како дел од Планот на програми за развој,
- Изведена е реконструкција на улици во вкупна вредност од 41.628.344,00 денари, и тоа: санација и реконструкција на инфраструктурни системи и тротоари; сообраќајна сигнализација; реконструкција на ул. „Титовелешка";

како и реконструкции на ул. „Димитар Пандилов", ул. „Ганчо Хаџипанзов", ул. „Караорман" и ул. „Рилски конгрес" како дел од Планот на програми за развој и

- За сите изведени активности по оваа Потпрограма извршен е надзор во вкупен износ од 353.508,00 денари.

Во рамките на Потпрограмата **ЈН – Урбана опрема** (капитални расходи) во текот на 2019 година изработени се и монтирани се канти за отпадоци и столпчиња во вредност од **306.232,00 денари**.

По Потпрограмата **ЈА – Изградба на јавно осветлување** во текот на 2019 година изработени се проекти за изградба и реконструкција на јавното осветлување на повеќе локации во вкупна вредност од **328.483,00 денари**.

По Потпрограмата **ГД – Други комунални услуги** (капитални расходи) реализирани се активности во вкупна вредност од **4.517.298,00 денари**, од кои 1.517.298,00 денари за изработка на проекти избрани на јавен повик за пријавување на заинтересирани заедници на сопственици на станови од подрачјето на Општина Центар за реконструкција на фасади на колективни станбени згради и 3.000.000,00 денари за финансиска поддршка за поправка и санација на постојни покривни конструкции и за лифтови во станбени згради.

- Во 2019 година најголемите капитални инвестиции во износ од **235.845.455,00 денари**, Општина Центар-скопје ги реализираше во **основните училишта**, и тоа:

    - 559.414,00 денари за изработка на проект за опремување и адаптација на ООУ „Киро Глигоров" и проект на изведена состојба на објектот на ООУ „Гоце Делчев";
    - 1.799.618,00 денари за набавка на машински инсталации во салата во ООУ „Гоце Делчев" и машини за чистење на внатрешните простории во ООУ „Киро Глигоров";
    - 7.976.762,00 денари за санација и за реконструкција на објектите и на дворовите во основните училишта;
    - 9.197.750,00 денари за реконструкција на фасадата во ООУ „Димитар Миладинов", од кои 4.431.910,00 денари се средства од Основниот буџет и 4.765.840,00 денари се средства од донација добиена од Амбасадата на Република Бугарија;
    - 209.291.593,00 денари за изградба на ООУ „Киро Глигоров", од кои 134.033.958,00 денари се средства од Основниот буџет на Општината и 75.257.635,00 денари се финансирани со кредитно задолжување;
    - 6.781.970,00 денари за набавка на училиштен инвентар во ООУ „Киро Глигоров" и
    - 238.348,00 денари за извршен стручен надзор над изведените работи по оваа потпрограма.

- Во **детските градинки** во 2019 година изведени се капитални инвестиции во вкупна вредност од **16.116.673,00 денари**, од кои 6.116.673,00 денари за санација и за реконструкција на објектите и на дворовите на градинките, а

10.000.000,00 денари за реконструкција на ЈУОДГ „Р.Ј.Корчагин" објект „Пепелашка", проект финансиран со подзаем од Министерството за финансии.

- По Потпрограмата ЕА – **Капитални трошоци на Општината** реализирани се капитални инвестиции во вкупна вредност од **7.057.181,00 денари**, а се однесуваат на: набавка на нова компатибилна ИТ-инфраструктура и зголемување на капацитетите на централниот серверски систем; санација и реконструкција на објекти на УЗ „Дане Крапчев", УЗ „Р.Ј.Корчагин" и Дневниот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост над 18 години, санација на општинските канцеларии и софтверско решение ГИС.

## 2. Реализација на блок-дотациите

**Блок-дотациите** од Буџетот на Република Северна Македонија со кои Општина Центар-Скопје ги финансира своите надлежности во социјалната и во детската заштита и во образованието за 2019 година изнесуваа вкупно **301.412.003,00 денари**, од кои 191.862.000,00 денари беа наменети за финансирање на надлежноста основно образование и 109.550.003,00 денари за финансирање на надлежноста детска заштита.

- Блок-дотацијата наменета за **основно образование** беше распределена по видови расходи, и тоа: **174.276.733,00 денари** за плати и надоместоци за вработените и **17.294.049,00 денари** за тековно-оперативни трошоци.

Реализацијата на блок-дотацијата за тековно-оперативните расходи по училиштата се одвиваше на следниов начин:

- За тековно одржување на ООУ „Коле Неделковски" реализирани се трошоци во износ од 2.220.969,00 денари
- За тековно одржување на ООУ „Ј.Х. Песталоци" реализирани се трошоци во износ од 2.644.049,00 денари
- За тековно одржување на ООУ „Кочо Рацин" реализирани се трошоци во износ од 2.483.235,00 денари
- За тековно одржување на ООУ „Гоце Делчев" реализирани се трошоци во износ од 2.002.647,00 денари
- За тековно одржување на ООУ „11 Октомври" реализирани се трошоци во износ од 2.726.393,00 денари
- За тековно одржување на ООУ „Димитар Миладинов" реализирани се трошоци во износ од 3.367.057,00 денари
- За тековно одржување на ООУ „Кирил и Методиј" реализирани се трошоци во износ од 1.849.699,00 денари

Во однос на средствата наменети за превоз на учениците од основно образование (вклучени во горенаведените тековно-оперативни расходи) реализирани се следниве износи по училишта:

- ООУ „Коле Неделковски" - 63.096,00 денари
- ООУ „11 Октомври" - 74.562,00 денари
- ООУ „Димитар Миладинов" - 211.300,00 денари
- ООУ „Кочо Рацин" - 9.000,00 денари
- ООУ „Ј.Х.Песталоци" - 13.391,00 денари

- Блок-дотацијата наменета за **детските градинки** беше распределена по видови расходи, и тоа: **95.405.660,00 денари** за плати и надоместоци за вработените и **12.845.616,00 денари** за тековно-оперативни трошоци.

Реализацијата на блок-дотацијата за тековно-оперативните расходи по градинките се одвиваше на следниов начин:

- За тековно одржување на ЈУДГ „Р.Ј.Корчагин" реализирани се трошоци во износ од 5.156.349,00 денари
- За тековно одржување на ЈУДГ „Кочо Рацин" реализирани се трошоци во износ од 4.723.753,00 денари
- За тековно одржување на ЈУДГ „13 Ноември" реализирани се трошоци во износ од 2.965.514,00 денари.

# III. ИЗВЕШТАЈ ЗА СРЕДСТВАТА, ПОБАРУВАЊАТА, ОБВРСКИТЕ И ИЗВОРИТЕ НА СРЕДСТВАТА И НИВНАТА ВРЕДНОСТ

## ПОБАРУВАЊА

Во 2019 година во сметководствената евиденција на Општина Центар-Скопје се прокнижени и потврдени побарувања врз повеќе основи, и тоа: побарувања врз основа на надоместок за уредување на градежно земјиште од правни и од физички лица, побарувања од закупнини, побарувања по основа на присилно административно извршување - уривање на дивоградби и отстранување на урбана опрема, побарувања од данок на имот на физички и на правни лица, побарување за комунална такса за фирма, побарување по основа на комунална такса за паркирање и други што имаат учество во приходите што ги остварува Општина Центар-Скопје.

Состојба на средствата и изворите на средствата на 31.12.2019 година е следна:

| | | **Редовни побарувања** | **Спорни и сомнителни побарувања** |
|---|---|---|---|
| 1. | Побарувања по основа на надоместок за уредување на градежно земјиште | 2.570.371,00 | 4.225.645,00 |
| 2. | Побарувања по основа на даден деловен простор под закуп | 54.170,00 | 121.093,00 |
| 3. | Побарувања по основа на присилно административно извршување - уривање дивоградби и отстранување на урбана опрема | 7.123.937,00 | 15.541.518,00 |
| 4. | Побарувања по основа на данок на имот за физички лица | 53.181.379,00 | - |
| 5. | Побарувања по основа на данок на имот за правни лица | 38.532.927,00 | - |
| 6. | Побарувања по основа на комунална такса за истакнување на фирма, односно деловна просторија | 44.369.537,00 | - |
| 7. | Побарувања по основа на комунална такса за паркирање | 27.339.647,00 | - |
| **Вкупни побарувања** | | **173.171.968,00** | **19.888.256,00** |

- **Побарувања по основа на надоместок за уредување на градежно земјиште**

Побарувањата во износ од 2.570.371,00 денари се побарувања од правни и од физички лица со кои Општина Центар-Скопје има склучено договори за плаќање на

надоместокот за уредување на градежно земјиште на рати. Износот од 4.225.645,00 денари се спорни и сомнителни побарувања од претходни години.

- **Побарувања по основа на даден деловен простор под закуп**

Општина Центар-Скопје им издава деловен простор под закуп на правни лица што изразиле интерес за најмување простор во согласност со нивните деловни потреби. За таа намена Општината има склучено договори за закуп на деловен простор за кои Секторот за финансиски прашања доставува фактури до закупците на месечна основа. Во сметководствената евиденција заклучно со 31.12.2019 година евидентирани се редовни побарувања од закуп на деловен простор во износ од 54.170,00 денари и 121.093,00 денари од спорни и сомнителни побарувања.

- **Побарувања по основа на присилно административно извршување - уривање на диоградби и отстранување на урбана опрема**

Побарувањата по основа на присилно административно извршување - уривање на дивоградби и отстранување на урбана опрема заклучно со 31.12.2019 година изнесуваат 7.123.937,00 денари и 15.541.518,00 денари од спорни и сомнителни побарувања. Спорните и сомнителни побарувањата по оваа основа се пренесени од претходните години и за поголем дел од нив се води судска постапка за наплата.

- **Побарувања по основа на данок на имот од физички и од правни лица и комунална такса за фирма**

Побарувањата по основа на данок на имот од физички и од правни лица и комунална такса за фирма се делат меѓу Општината и Градот Скопје и нив ги администрира Градот Скопје. Според добиениот преглед за заеднички побарувања од Градот Скопје, побарувањата по основа на данок на имот од физички лица изнесуваат 53.181.379,00 денари, побарувањата за данок на имот од правни лица изнесуваат 38.532.927,00 денари и побарувањата по основа на комунална такса за фирма изнесуваат 44.369.537,00 денари.

- **Побарувања по основа на комунална такса за паркирање**

Општина Центар-Скопје и Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНЗИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР" Скопје склучија Договор за регулирање на начинот на исплата на вкупниот долгуван износ по основа на неплатена комунална такса за користење на просторот за паркирање на патнички моторни возила на територијата на Општина Центар. Вкупниот износ по Договорот изнесува 36.239.647,00 денари од кои во 2019 година наплатени се 8.900.000,00 денари, а како побарување остануваат уште 27.339.647,00 денари.

**ОБВРСКИ**

На 31.12.2019 година во сметководството на Општина Центар-Скопје евидентирани се неплатени обврски по фактури и времени ситуации на разни

доверители за извршени тековни и инвестициони активности. Вкупниот износ на неплатените обврски изнесуваат 360.827.586,00 денари.

| | Обврски | Износ |
|---|---|---|
| 1. | Обврски спрема набавувачи | 23.818.304,00 |
| 2. | Обврски по основа на неисплатена плата за декември 2019 година на редовно вработени лица | 4.577.375,00 |
| 3. | Обврски по основа на ДДВ | 17.879.082,00 |
| 4. | Обврски по основа на главнина од кредит | 314.552.825,00 |
| **Вкупно обврски** | | **360.827.586,00 ден.** |

- **Обврски спрема набавувачите**

Тука спаѓаат сите тековни и капитални обврски. Тековно-оперативните обврски се настанати од редовното работење на Општината. Тие ги сочинуваат обврските по основа на неплатени фактури за комунални услуги, како електрична енергија и јавно осветлување, телефонија, канцелариски материјал, членарини и сл. Капиталните обврски се обврски кон набавувачите за започнати или за завршени капитални инвестиции.

- **Обврски по основа на неисплатена плата**

Бруто-платата на редовно вработените во Општината за декември 2019 година во износ од 4.577.375,00 денари.

- **Обврски по основа на ДДВ**

Акумулираните обврските за данокот на додадена вредност за четвртиот квартал е во износ од 17.879.082,00 денари.

- **Обврски по основа на главнина од кредит**

Долгорочните обврски по основа на заем, кредит на Општина Центар со состојба на 31.12.2019 година евидентирани се на вкупен износ од 314.552.825.00 денари, и тоа кон: Комерцијална банка во износ од 264.151.117,00 денари кредит за изградба на ООУ „Кирил Глигоров", обврски кон НЛБ банка во износ од 33.008.164 кредит за изградба на Катната гаража „Судска палата" и обврски по долгорочен заем одобрен до Светска банка, подзаем од Министерството за финансии за проектот „Реконструкција на водоводот на ул. 'Титовелешка' и реконструкција на детската градинка 'Пепелашка'" на износ од 17.393.544,00 денари.

## IV. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД БУЏЕТСКИТЕ РЕЗЕРВИ ЗА 2019 ГОДИНА

Во согласност со одредбите од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2019 година, средствата утврдени за постојана (непредвидливи расходи) и тековна резерва се користат со Одлука на Советот, а по исклучок за користење на средствата од тековната резерва, но најмногу до износ од 50.000 денари, одлучува Градоначалникот. Во 2019 година реализираните средства од резервите се во вкупен износ од 1.190.589,00 денари.

| Р.Бр. | Име и презиме и број на одлука | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Во согласност со Решението на Градоначалникот на Општина Центар-Скопје бр. бр.09-354/2 од 1.2.2019 година одобрени се парични средства за поддршка на проектот детска претстава „Нашата љубов". | 30.000,00 |
| 2. | Во согласност со Одлуката донесена од Советот на Општина Центар-Скопје бр. 08-459/12 од 7.2.2019 година одобрени му се парични средства на Љубомир Зивчевиќ, за штета настаната од невреме (вклучително и персонален данок на доход). | 94.118,00 |
| 3. | Во согласност со Решението на Градоначалникот на Општина Центар-Скопје бр. 09-2287/2 од 15.5.2019 година одобрени ѝ се парични средства на Дуња Иванова, за поддршка на проектот концерт „Илузија на сонот" (вклучително и персонален данок на доход). | 35.294,00 |
| 4. | Во согласност со Решението на Градоначалникот на Општина Центар-Скопје бр. 09-3237/2 од 20.6.2019 година одобрени му се средства на Никола Спировски, ученик во ООУ „Ј.Х.Песталоци"-Центар, Скопје, за учество на натпреварот на Јуниорската балканска математичка олимпијада (MASEE) на Кипар (вклучително и персонален данок на доход). | 17.647,00 |
| 5. | Во согласност со Решението на Градоначалникот на Општина Центар-Скопје бр. 09-3233/2 од 20.6.2019 година одобрени ѝ се средства на Марија Атанасова, ученик во ООУ „11 Октомври"-Центар, Скопје, за учество на натпреварот на Јуниорската балканска математичка олимпијада (MASEE) на Кипар (вклучително и персонален данок на доход). | 17.647,00 |
| 6. | Во согласност со Решението на Градоначалникот на Општина Центар-Скопје бр. 09-3162/2 од 20.6.2019 година одобрени ѝ се средства на наставничката Билјана Стојановска, ментор на учениците Виктор Јакимов, Лука Вајевиќ и Сара Кнежевиќ од ООУ „Ј.Х.Песталоци"-Центар, Скопје, за учество на Глобалниот World Scholar's Cup во Хаг, Холандија (вклучително и персонален данок на доход). | 18.824,00 |
| 7. | Во согласност со Решението на Градоначалникот на Општина Центар-Скопје бр. 09-3711/2 од 30.7.2019 година одобрени му се | 17.647,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | средства на Тео Китановски, ученик во ООУ „11 Октомври"-Центар, Скопје, за учество на Европското јуниорско првенство по информатика (вклучително и персонален данок на доход). | |
| 8. | Во согласност со Решението на Градоначалникот на Општина Центар-Скопје бр. 09-3825/2 од 13.8.2019 година одобрени му се средства на Кирил Зафировски, родител на Зара Зафировска, ученик во ООУ „Ј.Х.Песталоци"-Центар, Скопје, за подготовки за учество на Европскиот тенис турнир (вклучително и персонален данок на доход). | 35.294,00 |
| 9. | Во согласност со Решението на Градоначалникот на Општина Центар-Скопје бр. 09-4178/2 од 26.8.2019 година одобрени ѝ се средства на Бепина Младеновска, вработена во ООУ „11 Октомври"-Центар, Скопје, за лекување на нејзиното дете Ангела Младеновска (вклучително и персонален данок на доход) | 35.294,00 |
| 10. | Во согласност со Решението на Градоначалникот на Општина Центар-Скопје бр. 09-4562/3 од 19.9.2019 година одобрени ѝ се средства на Дирекцијата за култура и уметност за издавање на книгата „Песните се ниven незаборав" на авторите етномузикологот Кирил Тодевски и музичкиот уредник Марија Велковска. | 30.000,00 |
| 11. | Во согласност со Решението на Градоначалникот на Општина Центар-Скопје бр. 09-5051/3 од 26.11.2019 година одобрени ѝ се средства на наставничката по физика Цветанка Илиоска од ООУ „Ј.Х.Песталоци"-Центар, Скопје, за подготовки и придружба на ученици на Меѓународната олимпијада по природни науки во Доха - Катар (вклучително и персонален данок на доход). | 29.412,00 |
| 12. | Во согласност со Решението на Градоначалникот на Општина Центар-Скопје бр. 09-5032/2 од 9.10.2019 година одобрени му се средства на ученикот Никола Спировски од ООУ „Ј.Х.Песталоци"-Центар, Скопје, за учество на Меѓународната олимпијада по природни науки во Доха - Катар (вклучително и персонален данок на доход). | 29.412,00 |
| 13. | Во согласност со Одлуката донесена од Советот на Општина Центар-Скопје бр. 08-5980/2 од 10.12.2019 година одобрени се средства за настраданите од земјотресот во Драч, Република Албанија). | 800.000,00 |
| | **Вкупно исплатени** | **1.190.589,00** |

## VI. ИЗВЕШТАЈ ОД ОДГОВОРЕН СМЕТКОВОДИТЕЛ

Сметководствената евиденција во Општина Центар-Скопје се води во согласност со Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и прифатените сметководствени политики и сметководствени стандарди. Во сметководството се обезбедуваат податоци поединечно по сите видови приходи и други видови приливи, за расходите и за другите одливи.

Податоците во годишната (завршна сметка ) на Општина Центар-Скопје за сите сметки го искажуваат реалното трошење на средствата по програми, потпрограми и намени, како и остварувањето на сите приходи по сметки, потсметки и по видови приходи.

Во согласност со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола воспоставени се пишани процедури за движење на документите, нивна контрола и евидентирање во сметководството на Општина Центар-Скопје.

## V. СОСТОЈБА НА ЖИРО-СМЕТКИ ЗАКЛУЧНО СО 31.12.2019 ГОДИНА

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Состојба на сметка на Буџет на Општина Центар-Скопје | 92.725.970,00 ден. |
| 2. | Состојба на донаторската сметка за проектот „Општина по мерка на граѓаните" | 238.149,00 ден. |
| 3. | Состојба на донаторска сметка за проектот „Европа реков" | 20.885,00 ден. |
| 4. | Состојба на донаторската сметка за енергетска ефикасност за ООУ „Димитар Миладинов"-Скопје | 1.098.589,00 ден. |
| 5. | Состојба на донаторската сметка за набавка на опрема за одржување на патишта и зеленило | 50.000,00 ден. |
| 6. | Состојба на донаторската сметка за реновирање на дворот на детската градинка ЈУДГ „13 Ноември" | 0 ден. |
| 7. | Состојба на донаторската сметка за помош на социјално загрозените групи | 0 ден. |
| 8. | Состојба на сметката за МСИП/73 за ул. „Титовелешка" и градинката „Пепелашка" | 4.970.303,00 ден. |
| 9. | Состојба на сметката за кредит за изградба на општинското основно училиште „Киро Глигоров" | 0 ден. |
| 10. | Состојба на сметката за трансфери до ОИК | 22.000,00 ден. |
| 11. | Состојба на сметката за проектот „Општинско-корисна работа" | 0 ден. |
| 12. | Состојба на сметката за уредување на излози и реклами | 1.800.000,00 ден. |
| 13. | Состојба на сметката за намалување на аерозагадувањето | 5.366.701,00 ден. |
| 14. | Состојба на сметката - едношалтерски систем | 0 ден. |
| 15. | Состојба на сметката за трансфери од Агенцијата за државни патишта | 0 ден. |

| | | |
|---|---|---|
| 16. | Состојба на сметката за финансиска поддршка на ЕЛС | 0 ден. |
| 17. | Состојба на сметката за блок-дотации | 3.973.032,00 ден. |
| **ВКУПНО** | | **110.265.629,00 ден.** |